## 3.2. Девизни движења

*Во септември 2003 година прометот на девизниот пазар се зголеми за 6,7%...*

*...при што денарот беше стабилен во однос на еврото, а во однос на американскиот долар апресираше за 5,2%*

Во септември 2003 година, прометот на девизниот пазар оствари месечен пораст од 6,7%, достигнувајќи 257,9 милиони САД долари. Трансакциите остварени помеѓу банките и претпријатијата сочинуваат 87,5% од вкупниот промет на девизниот пазар. НБРМ интервенираше на девизниот пазар остварувајќи нето откуп, додека деловните банки остварија нето продажба на девизни средства. На 30.09.2003 година девизниот курс на денарот во однос на еврото изнесуваше 61,16 денари за едно евро, што претставува речиси непроменето ниво во однос на претходниот месец. Од друга страна, вредноста на денарот во однос на американскиот долар забележа апресијација од 5,2% на месечна основа, при што на крајот на месецот се разменуваа 53,59 денари за еден долар.

Графикон 28
Движење на вкупниот промет на девизниот и менувачкиот пазар
(во милиони САД долари)




*Намалување на прометот на менувачкиот пазар во септември 2003 година за 4,6%*

Во септември 2003 година прометот на менувачкиот пазар забележа месечен пад од 4,6% и изнесуваше 122,1 милион САД долари. Притоа, понудата на девизни средства се намали за 3,2% и изнесуваше 73,7 милиони САД долари, а побарувачката за девизни средства се намали за 6,7% и изнесуваше 48,4 милиони САД долари, при што менувачниците извршија нето откуп на девизни средства во износ од 25,4 милиони САД долари. Намалувањето на прометот во септември (и претходно во август) е од сезонски карактер и ја одразува нормализацијата на неговото ниво по високиот пораст во јули како резултат на летните годишни одмори. Во септември 2003 година, на менувачкиот пазар просечниот курс на денарот во однос на еврото изнесуваше 61,40 денари за едно евро, што претставува речиси непроменето ниво во однос на претходниот месец. Во однос на американскиот долар, денарот апресираше за 0,4%, при што за еден долар[13] се разменуваа 53,94 денари.

[13] Девизниот курс на американскиот долар е преземен од курсна листа за менувачко работење на НБРМ.

Графикон 29
Дневен среден девизен курс на денарот во однос на еврото и американскиот долар на девизниот пазар
(денари за единица странска валута)




*Зголемени бруто девизните резерви на НБРМ...*

Вкупниот девизен потенцијал на Република Македонија во септември 2003 година оствари пораст од 41,5 милиони САД долари и достигна 1.543,0 милиони САД долари. Притоа, бруто девизните резерви на НБРМ се зголемија за 29,8 милиони САД долари во однос на претходниот месец и достигнаа вредност од 846,7 милиони САД долари. Порастот на бруто девизните резерви главно е резултат на промената на интервалутарните односи.

Графикон 30
Девизен потенцијал на Република Македонија
(во милиони САД долари)




*...и пораст на девизните средства на економските субјекти кај депозитните банки*

Вкупните девизни средства на банките во септември 2003 година достигнаа вредност од 660,2 милиони САД долари, што претставува пораст од 15,3 милиони САД долари. Порастот се должи на повисоките девизни депозити на населението и на претпријатијата за 20,6 милиони САД долари и 12,0 милиони САД долари, кои достигнаа ниво од 491,0 милион САД долари и 106,5 милиони САД долари, соодветно.